*ПЕТРЕ ГЕОРГИЕВСКИ*

# 40 ГОДИНИ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ — ПРВАТА ВИСОКОШКОЛСКА ИНСТИТУЦИЈА ВО СР МАКЕДОНИЈА*

Пред 40 години, во првата година на слободен и социјалистички развој, отпочна со работа првата македонска високошколска институција — Филозофскиот факултет, знаменит историски и револуционерен настан во научниот, просветно-културниот и воопшто во развојот на македонскиот народ, чии стремежи, интереси и идеали со векови потиснувани и задушувани од налетите на најразлични агресори и поробуваачи, ќе доживет бујно расцветување. На тој историски чин му претходеше мошне мудрото и визионерско решение на владата на Народна Република Македонија за основање на Филозофскиот факултет како прва високообразовна и научна институција која стана никулец и претходник во формирањето на Универзитетот „Кирил и Методиј", со што беа создадени услови и можности Македонија на организиран и континуиран начин да се вреди во југословенската и меѓународната културно-просветна и научна соработка и натпревар. Формирањето на Филозофскиот факултет се одвиваше во време во кое победата над окупаторот и социјалистичката револуција го поттикна невидениот брз развој на училиштето и просветатаа, а таквиот развој го инспирираше револуционерниот занес и ентузијазам, ширејќи ги видиците на храброст да се прескокнуваат огромни пречки и векови од материјална и друга заостанатост наследена од ропското минато, со цел да се истрае во борбата за подобро и поубаво утре.

Можеби некој ќе го постави прашањето зошто токму Филозофскиот факултет да биде прв и претходник на идниот универзитет? Без да се навлегува во подетална анализа на ова прашање овде ќе го наведеме следното:

Прво, Филозофскиот факултет се роди во виорот на борбата за нови, не само материјални и политички, туку и за нови опште-

---

* Реферат на проф. д-р Петре Георгиевски, претседател на Организациониот одбор за подготовка на прославата, што го поднесе на свечената седница по повод овој голем јубилеј на Факултетот што се одржа во Скопје на 15. 12. 1986 г.

ствени и човечки односи, за нов човек и поботат културен живот достоен на човекот, значи не само за политичка туку и за културна и општочовечка еманципација на Македонецот и на другите луѓе кои живеат во неговата заедница и во заедницата на братските југословенски народи и народности. Таквата еманципација која е од поопшт карактер на нашиот човек не може да се изврши без развој наа нционалната историја и свеста за неа, без литературниот јазик, филозофијата и фундаменталните природни науки. А токму тоа го овозможуваше и го овозможува Филозофскиот факултет.

Второ, вака формираниот Филозофски факултет ги соединуваше основите на општествените и хуманитарните научни дисциплини, што создаваше основа подоцна да се издвојат одделните општествените науки во посебни факултети и факултетите на уметностите; потоа, фундаменталните природни науки — математиката, физиката, хемијата, биологијата што го овозможија развојот на техничко-технолошките науки и нивното подоцнежно одвојување во посебни факултети, како и биологијата итн.

Трето, значајното влијание на словенската просветно-културна традиција, чии втемелувачи беа знаменитите браќа Кирил и Методиј и понатаму во еден континуитет ширени и развивани од Климент Охридски и неговите ученици и посебно основањето на Охридската книжевна школа, чиј 1100 годишен јубилеј го славиме оваа година и чии светлосни зраци допираат до овој 40-годишен јубилеј на Филозофскиот факултет, сливајќи се во единствен факел на просветата и културата на македонскиот народ. Иако таа традиција често оневозможувана и пригушувана од најразличните туѓи освојувања и влијанија, никогаш не била победена и уништена.

Четврто, определено искуство и развој во одделни научни области се остварени и во дејствувањето на Филозофскиот факултет во двете децении пред војната, кога во 1920 година е формиран во Скопје (наставата отпочнала на 15. 12. 1920 год.). И покрај јасните цели на великосрпската буржоазија тој да стане „центар на нашата наука и носител на нашите традиции . . .", т.е. цел за денационализација и асимилација на македонското население, сепак тоа овозможи да се развие филозофската мисла, пред сè, преку предавањата на прогресивните професори. Пред војната на Филозофскиот факултет се создаде револуционерно студентско движење што беше од големо значење за ширењето на комунистичките идеи и организирањето на револуционерната акција на КПМ.

Петто, не според важноста, туку според непосредното влијание, формирањето на Филозофскиот факултет го предизвикаа големите потреби за создавање на просветни работници кои ќе дејствуваат на поширок план. Искоренување на неписменоста, оспособување на професори за средните училишта кои ќе создаваат воспитувачи и учители за описменување и за основните училишта, односно требаше да се добие битката за неписменоста и недостигот на сред-

ношколскиот просветен кадар, како и задоволување на пошироките општествени потреби.

Отворањето на училишта и на Филозофскиот факултет во тоа време, масовното описменување на населението и создавањето на учители и професори за основното и средното училиште, стануваше силна мобилизаторска и мотивациска сила која директно се вклучуваше во матицата на борбата не само за побрзо надминување на неписменоста, туку и за квалитативно менување на постојните производствени и општествени односи, што се поклопуваше не само со националните интереси на македонскиот народ, туку и со темелните интереси на работничката класа и селанството. Тука тие интереси се взаемно поврзани и не можат да се одвојуваат ниту едните да се ревидираат врз другите.

Оттука развојот на Филозофскиот факултет не може одвоено да се разгледува само од просветниот, културниот, научниот и општествениот развој, туку и обратно. Изникнат од пазувите на социјалистичката револуција и слободниот социјалистички развиток, ги носи сите карактеристики на досегашниот развиток како што и тој оставил карактеристични траги врз досегашниот социјалистички самоуправен развиток на нашата заедница.

Четириесет години е малку и многу во слободниот развој на нашиот народ и на Факултетот. Малку е во историското живеење и настанување, а многу ако се има во вид со што се отпочнало и што се постигнало во така краткото историско траење. Без разлика на сегашната економска и општествена криза, овие 41 година на слободен развој преставуваат пресвртница и препород. Во тој период на социјалистички развиток македонското општество побрзо и поколосално ги разви производните сили и производствените односи одошто во претходните епохи заедно. Тоа, уште повеќе важи за културно-просветниот и научниот развој, за што свој огромен придонес даде и Филозофскиот факултет. За Филозофскиот факултет овие изминати години се исполнети со систематски творечки напори да се создаде што поголем и поквалитетен висикостручен кадар, потребен не само за воспитно-образовните и научните институции, туку и за стопанството и општествените дејности. Од самото формирање до денес тој е во постојанен растеж подведувајќи се и самиот врз законите на поделбата. Така, нараснатите потреби за високостручни лица и проширувањето на дејноста ја предизвикаа потребата, во 1958 година, од Филозофскиот факултет прво да се издвои Природно-математичкиот оддел во Природно-математички факултет, а во учебната 1974/75 год. од Филолошките наставно-научни групи да се одвои Филолошкиот факултет. На тој начин од еден единствен факултет се формираа три со 23 наставно-научни групи и две катедри кои ја изведуваат наставата на целиот Универзитет „Кирил и Методиј“ во Скопје, што е за два пати повеќе од почетокот на формирањето. Иаако овие фкултети се одвоија, нивната соработка и помош и понатаму се развиваа. Треба да се истакне дека од Филозофскиот

факултет или со негова помош беа создадени двата афирмирани института, Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и Институтот за национална историја, додека во рамките на Природно-математичкиот факултет работи и се наоѓа и Сеизмолошката опсерваторија. Динамичната развојна линија на Факултетот се огледа и низ фактот што од нивното одвојување до денес нема период во кој не се создава нова наставна студиска група или катедра, или да не настапил некој интегративен процес или определено самоуправно преструктуирање.

Динамиката во растот на Факултетот, односно на овие факултети уште порелјефно ја покажуваат податоците за уписот на студентите, дипломираните студенти и движењето на наставничкиот и соработничкиот кадар. Така, во првата учебна 1946/47 година биле запишани 548 студенти, што за тоа време бил значаен број.

При ова, од посебно значење и е фактот што уште во првата генерација на студенти на Филозофскиот факултет за првпат во историјата на македонскиот народ, се запишаа и студираа на својот мајчин јазик студенти од трите дела на Македонија: Вардарскиот, Егејскиот и Пиринскиот. Имено, покрај студентите од НР Македонија, 20 студенти Македонци се запишале од Пиринска Македонија — по четири од петте тогашни нејзини околии, што било овозможено со Конвенцијата за културни и просветни врски меѓу ФНРЈ и НРБ, и уште 22 студента независно од оваа Конвенција, како и еден број студенти Македонци од Егејска Македонија (седум)*. Следната очебна 1947/48 година бројот на студенти на Филозофскиот факултет, посебно од Пиринска Македонија нагло се зголемува (55 студенти) и заедно со учениците за средни училишта тој број изнесува над 200 ученици и студенти. На тој начин Филозофскиот факултет во новата слободна народна Република се јави како интегративен фактор и факел на стремежите на Македонците и од Пиринска и Егејска Македонија за образовен, научен и културен просперитет и натпревар на целиот македонски народ со другите народи на Балканот, Европа и светот во Гоцевата хуманистичка визија на светот.

За жал, тој природен и светол процес на студирање на македонските студенти на својот мајчин јазик од сите три дела на Македонија беше прекинат со Резолуцијата на информбирото и сталинистичката политика во Народна Република Бугарија, како и со неуспехот на партизанското движење и борба во соседна Грција.

На 10-годишнината, 1956/57 год., пред одвојувањето на Природно-математичкиот факултет се запишале 1400 студенти, а денес по 40 години на прва година се запишани 1640 студенти, што е 27% од вкупно запишаните на прва година за студии на Универзитетот „Кирил и еМтодиј“, а вкупно од прва до четврта година сега студираат 7.200 студенти, што е мошне близу на вкупниот број на сту-

*) Податоците се земени од документацијата за запишани студенти на Факултетот во учебната 1946/47 и 1947/48 година што се чува во Архивата на Факултетот.

денти кои студирале на Универзитетот во Скопје на својата 10-годишнина, т.е. во учебната 1958/59 година (7.456). Во текот на целиот период од овие 40 години вкупно на Филозофскиот, и по одвојувањето на Природно-математичкиот и Филолошкиот факултет, студентски индекси добиле околу 48.000 студенти што е импозантен број и што укажува дека овие факултети според бројот на студентите дејствувале како еден цел универзитет, а тоа пак не можело да остане без трајни ефекти во стопанскиот, општествениот и културно-просветниот развој на нашата Република и пошироко на републиките и покраините кои гравитираат кон неа. Уште посилно го зацврстува тој впечаток и знатно го зголемува придонесот на Филозофскиот факултет за овие 40 години кога ќе се види величествениот број од 15.000 дипломирани студенти (се разбира вклучувајќи ги и дипломираните студенти на Природно-математичкиот и Филолошкиот факултет по одвојувањето до денес), кои во подолг временски период активно го даваат својот придонес како во целокупниот развој на СР Македонија и пошироко на Југославија.

Овде посебно треба да се нагласи дека Филозофскиот факултет во поглед на националната структура на студентите не бил отворен само за припадниците од македонската нација, туку и за припадниците на другите нации и националности што е од мошне поопшто југословенско значење. Тука заедно студирале, или студираат, Македонецот, Хрватот, Србинот, Црногорецот, Словенецот, Муслиманот, Албанецот, Турчинот, Ромот ... воспитувани во духот на братството, единството и рамноправноста со цел за изградба на посветла иднина. Нивниот број е исто така значаен и изнесува 4.650 студенти. Се шири и бројот на странските студенти (655) што добива и меѓународна димензија. Но, југословенската карактеристика не ја има и имаше Филозофскиот факултет само според националната структура на студентите, туку и според националниот состав на професорите и соработниците, така што во првата управа на Факултетот првиот декан беше македонец, д-р Михаил Петрушевски и првиот продекан Словенец, д-р Фран Петре' и првиот состав на осуммината вонредни професори на Филозофскиот факултет што ја отпочнаа наставата тоа јасно го потврдуваа.

Тука треба посебно да се подвлече дека несебичната и драгоцена помош што му ја пружија на Филозофскиот факултет во Скопје братските факултети од Белград, Загреб и Љубљана е непроценлива за неговото консолидирање и развој. И во оваа прилика им изразуваме голема благодарност. Самите професори и соработници кои тогаш и подоцна дојдоа на Филозофскиот факултет во Скопје да му помогнат во неговиот развој од другите братски факултети, често лишувајќи се од поповолните животни и научно-наставни услови кои ги имаа во средините од кои дојдоа, со нивниот придонес и дело се вградени во живото ткиво на Факултетот и за својот придонес и хуманизам од највисок степен сегашните колективи на три-

те факултети и целата наша заедница им изразуваат голема благодарност, почит и чувство на најблиски пријатели.

Бројот на наставниците и соработниците постојано се зголемува: во првата учебна година изнесувал 22, на петтгодишнината 60, на десетгодишнината 88, а сега на трите факултети тој број е исто така импозантен — 397, односно 236 во наставнички звања и 161 во соработнички. Тоа означува голем кадровски потенцијал што гарантира уште посилен подем на овие факултети. Тој кадровски потенцијал уште повеќе ќе се зголемува со развојот на последипломските студии и со поразвиен менторски систем на изработка на докторските тези. Досега на овие факултети магистрирале 201 кандидат, а 283 докторирале и тоа не само кандидати од Социјалистичка Република Македонија, туку и од другите социјалистички републики, а и од странство со што пак се покажува југословенската димензија на Филозофскиот, Филолошкиот и Природно-математичкиот факултет. Таа, исто така, доаѓа до израз и во взаемната научна комуникација и соработка врз ангажирање на научни проекти, организирање на научни советувања, заеднички публикации, соработка и публикување на прилози во научно-стручните списанија кои излегуваат во Југославија, а и на југословенски автори во нашите стручни списанија.

Огромен е и непроценлив научниот придонес на Филозофскиот факултет, а по одвојувањето на Природно-математичкиот и на Филолошкиот факултет: повеќе илјаади библиогрфски единици издадени се голем број учебници, научни студии, брошури, прилози, статии не само во Републиката и во низа југословенски изданија и во меѓународни публикации и зборници. Низа истакнати професори учествувале и учествуваат на голем број југословенски и меѓународни конгреси и советувања, одржувале предавања, станувајќи членови на разни југословенски и меѓународни научни организации и и здруженија, дел од нив се и дописни членови на југословенските и меѓународните академии; голем број признанија и награди добиле наши истакнати научни работници и професори, вклучувајќи ги и највисоката републичка награда „11 Октомври" и највисокото југословенско признание, наградата „АВНОЈ". Сите овие постигнувања и признанија се гордост не само на нивните непосредни добитници, туку и на студентите и на сите вработени на овие факултети. Овде треба да се истакне дека генерацијата професори и соработници што го создаваа Факултетот и така успешно ја развиваа воспитно-образовната и научно-истражувачката дејност и покрај тоа што создадоа дела од трајна вредност врз кои ќе се напојуваат низа генерации студенти и ќе ја овозможуваат нивната репродукција, сепак за нивно највеличествено и трајно колективно дело треба да се означи формирањето на Филозофскиот факултет и тоа од два аспекти: прво, без удирањето на темелите и развојот на општите фундаментални општествени и природни науки — филозофијата, филологијата и историјата, математиката, физиката, хемијата и биологијата, кои имаат

посебно место во процесот на научното сознание, не може да се формира и развива квалитетен универзитет, односно нема таков универзитет без квалитетен филозофски факултет; второ, без таквиот развој на Филозофскиот факултет би било неможно и неостварливо формирањето на врвната научна институција — Македонската академија на науките и уметностите во 60-тите години; трето, би било оневозможено излегувањето на низа стручни и научни списанија; четврто, би бил мошне стеснета меѓурепубличката и меѓународната соработка, би бил неможен семинарот за македонски јазик и единствената во светот од таков вид и афирмирана манифестација — Струшките вечери на поезијата итн.; со еден збор би биле многу посиромашни.

Во овој изминат период значајни промени факултетот, односно овие три факултети доживуваа на планот на развојот на самоуправувањето и тоа преку своите делегати во факултетските совети и во советите на поширокатa општествена заедница и студентите преку своите совети на наставно-студиските групи и делегатите во наставно-научниот и факултетскиот совет, односно на сите нивоа на самоуправното организирање и одлучување. Студентите ќе стануваат се повеќе субјект на одлучување и во онаа мера во која факултетот не ги оспособува само за „струката", „професијата", туку им дава поопшти знаења и побогата култура, односно посестрано ги развива во целосни личности. Колку воспитно образовниот процес нив ги оспособува да бидат храбри безкомпромисни борци, да можат да кажат и „не" каде сите кажуваат „да" — во Титовската смисла на зборот. Во оној степен во кој Филозофскиот факултет го остварува тоа, во толкав степен тој ја исполнува својата интелектуална и работничко-класната функција во нашето општество. И на овој план придонесот на Филозофскиот, Природно-математичкиот и Филолошкиот факултет се состои во тоа што тие претставуваат своевидна школа на млади самоуправувачи кои по дипломирањето подготвено ќе се вклучат во сложените самоуправни процеси на работните организации.

При сето ова, ние не се навраќаме во овој пригоден миг на минатото заради самото минато, туку тргнувајќи од него појасно да се свртиме кон иднината. Таа иднина мораме да ја согледуваме и осветлуваме од аспект на реформата на воспитанието и образованието. Во тој контекст значајно е да се истакнат основните функции на овие факултети, педагошко-културолошката и воспитната, научно-истражувачката и апликативната како и реафирмацијата и актуелизацијата на значењето на воспитанието и образованието за економскиот, социјалниот, научниот и културниот развој на нашето општество.

Со оглед на природата на Филозофскиот, Филолошкиот и Природно-математичкиот факултет, нужно е во иднина понагласено комплементарно да се развива педагошко-културолошката и воспитната функција. Особено е тоа потребно да се истакне во времето во кое

живееме со силно изразени тенденции на разни поделби, затворање во републички и покраински и општински рамки не само во економијата, туку и во науката, и културата, затворања кои водат кон провинцијализам, кон создавање на стереотипи и предрасуди на едните за другите, кон митологилизирање на минатото и сл. Многу се зголемува задачата и одговорноста на овие факултети, на нивните професори и соработници, младите генерации да ги воспитуваат врз автентичните вредности на социјалистичката револуција и самоуправувањето, врз принципите на рамноправноста, братството и единството и неврзаната политика на Југославија. Зајакнувањето на воспитната компонента на единствениот воспитно-образоваен процес бара суштинско менување на досегашните позиции и улога на ученикот и студентот како и на воспитувачот и наставникот. Ученикот и студентот е неопходно што повеќе активно да се вклучуваат во наставно-воспитниот процес и во научно-истражувачката дејност, да стануваат субјекти во процесот на самоуправното одлучување, додека наставникот се повеќе да ја менува позицијата и улогата на „техничар", пренесувач на информации и податоци, интерпретатор на различни сфаќања, во активни и творци и истражувачи, воспитувачи со јасно изграден критички марксистички однос кон стварноста, општествените противречности и различните теориски сфаќања, наставник и воспитувач кој ќе биде и интелектуалец — кој поединечните комплексни ситуации и проблеми на студентите ќе ги подигнува на рамниште на јавност и активно ќе се залага и придонесува за нивното решавање. Оттука, не е доволно младата личност само да се подучуваа во занимањето, струката, професијата, за да биде само добар стручњак, туку и со тоа, како што истакнува Ајнштајн, може да стане некој вид употреблива машина, но не и полновредна личност; т.е. важно е „човекот да добие чуство за она што е вредно да се залага". Потребно е посестрана активистичка личност која е способна на творечки начин во заедница со другите луѓе да го открива она новото, прогресивното, хуманото и во тој правец да ги менува постојните односи. За постигнување на тоа неопходно е во реформата на средното и високото образование да се зголемува општото, хуманистичкото и културолошкото образование. Реформираното насочено образование треба да ја надминува замката на репродукција на раздробената техничка поделба на трудот и на тесната техничка специјализација. Во спротивно тао би претставувало репродукција на технократските односи, а исто така би било мошне скапо. Ова последното е така затоа што за тесна специјалност за определено занимање оспособувањето трае многу подолго отколку што се промените во техничката поделба на трудот. Тие промени бараат поливалентно, а не едновалентно, парцијално, делумно оспособен работник, т.е. работник кој има општо образование, знаење и побогата култура и кој брзо може да се оспособи да го промени работното место, односно занимањето во ново. Оттука е неопходно плански и систематски да се развива научно-истражувачката дејност,

што сега е запоставена во однос на наставната, иако тие се наоѓаат во дијлектичка спрега, оти нема квалитетна високошколска настава без систематско-научно развиено истражување од соодветната научна област. Наставата и научната дејност не треба секторски да бидат одвоени, туку органски да се поврзуваат како две страни на ист процес. Побрзиот плански и систематски развој на научно-истратзежувачката дејност на овие факултети и на Универзитетот во целина може да има само позитивни импликации во подигнувањето на квалитетот на наставата, во развојот на самата научно-истражувачка дејност, во оспособувањето на студентите и за научно-истражувачка работа и во апликацијата, практичната примена на овие резултати во решавањето на соодветните општествени проблеми. При тоа, апликативните истражувања треба да се поврзуваат, односно да произлегуваат од истражувањата во фундаменталните науки.

Во идниот развој на овие факултети посебно Филозофскиот и Филолошкиот имаат мошне значајна задача која се состои во ширењето и развојот на марксистичката торија и метод што има мошне пошироко научно и општествено значење. Без негувањето и развој на теоријата и марксистичката критика, и на научното истражување во општествените науки, не може да се откриваат и објаснуваат причините на општествените противречности, како што не може да се надминува волунтаризмот, практицизмот и слепата иднина. Марксистичката теорија и образование имаат незаменлива улога во идејното и акционото оспособување на учениците и студентите и без нив на идејниот фронт не можат јасно да се препознаваат, критички да се оценуваат и успешно да се надминуваат разните идеолошки сфаќања и тенденции кои се туѓи на марксизмот и на идеологијата и Програмата на Сојузот на комунистите и чиј социјални носители во последно време се поагресивно настапуваат. Борбата на марксистички изградените личности и на сите субјективни сили мора систематски, бескомпромисно да се води против граѓанската либералистичка идеологија и десницата чија материјална и социјална основа претставува тенденциите на реставрација на групно-сопственичките односи; против бирократизмот и технократизмот и раскинувањето на бедемите на полицентричните етатистичко-централистички односи на сите рамништа на општествената организација; против сите видови идеологии и тенденции на национализам и особено против големоалбанскиот наационализам и сепаратизам.

Денес кога нашето општество се наоѓа во економска и општествена криза и кога тоа го користат најразличните непријатели на наштео општество, неопходно е да се вложат големи напори, притоа, активирајќи ги сите расположиви сили во надминувањето на таквата состојба и тенденција. Воспитанието и образованието во тој процес на надминување на кризата може, покрај другите општествени претпоставки, да одигра значајна улога. Тоа може поуспешно да ја

одигра својата улога доколку се промени и општествената свест за неговото значење, како и суштински да се промени неговата општествена и материјална положба.

Образованието е мост помеѓу се пообилните резултати на науката и сите облици на човековиот труд. Се помалку има занимања во кои може да се работи без образование, или само со елементарно образование. Интелектуализацијата на занимањата неоспорно ќе продолжи и во иднина, бидејќи материјализираната наука во облик на техника и технологија ги проникнува сите подрачја на трудот, рутинскиот и творечкиот. Тоа без сомнение сега и во иднина ќе ја зголеми важноста на образованието за поединецот, но и за општеството во целина. Во таа смисла се мошне значајни и верифицирани наодите на Меѓународната комисија за развој на образованието на УНЕСКО во чиј извештај со изобилство на податоци се изнесува и една значајна оценка која опоменува и која треба да ја запомниме токму поради кризата, дека „денес, веројатно првпат во историјата на човештвото, развојот на образованието во светски размери покажува стремеж да му претходи на економскиот развој". Уште повеќе се знае дека техничко-технолошките пресврти кои се поврзани со културната револуција се чести и интензивни и единствено можат преку квалитетно и систематски организиран образовен систем да се следат и пренесуваат. Во овие промени особено со претворањето на науката во производна и движечка сила на развојот, образованието добива клучна позиција. Веќе сега, а во иднина уште повеќе општествата со најквалитетни образовни системи ќе заземаат таква позиција, каква што некогаш заземале општествата со најголеми природни богатства. Така квалитетното образование и квалитетното знаење придобива суштинско и стратешко место меѓу факторите не само за зголемување на продуктивноста на трудот, туку и во социјалниот и културниот просперитет воопшто. Оттука, инвестицијата во образованието и воспитанието е најисплатлива, најсигурна, потрајна и најхумана. Ова последното, го потврдуваат и очигледните трајни вредности во воспитно-образовната, научната и културната дејност што за овие 40 години ги остварува Филозофскиот, а по одвојувањето Природно-математичкиот и Филолошкиот факултет, т.е. вредности не само од национален и југословенски, туку и пошироко од поопшт карактер, кои се вградени и во светската научно-културна и цивилизациска ризница.

Голема е гордоста и на сегашната генерација која работи на трите факултети за постигнатите вредности, но е уште поголема обврската и одговорноста да се продолжи со поголеми напори кон создавање на нови вредности и успеси на воспитно-образовен, научен, културен, самоуправен и воопшто на човечки план. Нека во оваа голема мисија, овие факултети оставаат такви траги и сјајни вредности кои ќе го осветлуваат патот на иднината, на поединецот и на нашата заедница во целина, за поубав, културно побогат и похуман начин на живеење.